ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 24-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 1503/1 | | |

( Образец ПП……)

До: **ОПШТИНА** Гази Баба
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

2011-33

Од: [redacted] ул. [redacted] со телефонски број [redacted] и емаил адреса [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Ш
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република С. Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали во општината има објекти со издадена лиценца за вршење на угостителска дејност КАБАРЕ, НОЌЕН БАР, ДИСКОКЛУБ И ДИСКОКЛУБ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР?**
2. **Дали овие јавни објекти ги исполнуваат безбедносните протоколи според Законот за градење и Правилникот за урбанистичко планирање и проектирање?**
3. **Дали овие јавни објекти поседуваат Елаборат за заштита при работа и План за евакуација при пожар и дали тој да е истакнат на видно место во објектот.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архива
Рок на чување
________ 20__ год.
Архивар

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted] **Потпис**

**Во** Скопје , 24.3 **.2025 година**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 68 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), се донесува следното

**РЕШЕНИЕ**
**за доставување на информации од јавен карактер**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 12-1903/2
30.05.2025 год.
СКОПЈЕ

Образложение

Барањето број 12-1903/1 од 24.03.2025 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна н[redacted], **СЕ ПРИФАКА.**

Барателот од Општина Гази Баба, врз основа на член 4 и член 12 од од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), ги бара следните информации:

Дали во Општина Гази Баба има објекти со издадена лиценца за вршење на угостителска дејност Кабаре, Диско клуб и Диско клуб на отворен простор, дали овие објекти ги исполнуваат безбедносните протоколи според Законот за градење и правилникот за урбанистичко планирање и дали овие јавни објекти поседуваат Елаборат за заштита при работа и План за евакуација при пожар и дали е тој истакнат на видно место во објектот.

Согласно воспоставените процедури, барањето за доставување информации од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е доставено до надлежниот сектор - Сектор за инспекциски работи - Инспекторат кои што ги доставија бараните информации.

Во Општина Гази Баба нема објекти со издадена лиценца за вршење на угостителска дејност Кабаре, Диско клуб и Диско клуб на отворен простор.

Согласно Вашето барање Ви ги доставуваме бараните информации по е-маил и по пошта.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Решението е доставено до:
Странката
Архивата на Општина Гази Баба

Одговорно лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Анита Илиевска Кузеска
АИК